ЈУ М... СОЦИЈАЛНА

Бр. 01-1289/8
19-06-2019 год.
СКОПЈЕ

Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје

ПРАВИЛНИК

за систематизација на работните места во Јавната Установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје

Скопје, јуни 2019 година

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на Република Македонија бр. 27/14 и 199/14), член 184 став 1 алинеја 2 од Законот за социјалната заштита (Службен Весник на Република Македонија бр. 104/19) и член 16 став 1 алинеја 2 од Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје, Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје на седницата одржана на 19.06.2019 донесе:

ПРАВИЛНИК

за систематизација на работните места во
Јавната Установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува вкупниот број на работни места (административни службеници, даватели на услуги, помошно – технички лица) во Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје (во понатамошниот текст Установата), распоредот, шифрата, називот и описот на работните места по организациски единици и посебните услови потребни за извршување на работите и задачите на одделните работни места.

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 251 работни места со 349 извршители, утврдени согласно Правилникот за внатрешна организација на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје број 01- 1289/6 од 19.06.2019година.

Член 2

Работите и задачите што се вршат во Установата се определуваат, согласно нивната сродност, меѓусебна поврзаност, видот, обемот и степенот на сложеноста, одговорноста и другите услови за нивното извршување.

Член 3

Работите и задачите утврдени со овој правилник претставуваат основа за вработување и распоредување на вработените во Установата.

Член 4

Табеларниот преглед на работните места во Установата е составен дел на овој Правилник.

II. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ЈАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 5

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 25 работни места со 56 извршители на јавни службеници, распоредени по организациски единици, согласно Правилникот за внатрешна организација на Установата 01- 1289/6 од 19.06.2019 година.

Член 6

Работните места од член 5 на овој правилник се распоредени на следниот начин:

- Ниво Б02 – Раководител на служба – 1 извршител
- Ниво Б04 – раководител на оддел – 2 извршители
- Ниво В01 –советник – 2 извршители
- Ниво В02 – виш соработник – 7 извршители
- Ниво В03 –соработник – 1 извршител
- Ниво В04- помлад соработник -8 извршители
- Ниво Г01 – самостоен референт – 33 извршители
- Ниво Г04 –помлад референт – 2 извршители

Член 7

Општи услови утврдени со Законот за административните службеници за јавните службеници се :

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место; и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Член 8

1. Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници, за јавните службеници од категоријата Б4 се :

- стручни квалификации за ниво Б - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

- потврда за положен испит за административно управување;

- работно искуство за нивото Б2 најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;

- работно искуство за нивото Б4 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

2. Потребни општи работни компетенции на напредно ниво се:
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други / тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките / засегнати страни;
- раководење и
-финансиско управување.

Член 9

1.Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници за јавните службеници од категоријата В се :

Стручни квалификации и тоа :

-за нивото В1 ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и

- за нивоата В2, В3 и В4 ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

работно искуство и тоа :

- за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката;
- за нивото В2 најмалку две години работно искуство во струката;
- за нивото В3 најмалку една година работно искуство во струката или
- за нивото В4 со или без работно искуство во струката
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

2. Потребни општи работни компетенции на средно ниво се :

- учење и развој;

- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други / тимска работа;
- ориентираност кон странките / засегнати страни и
- финансиско управување.

Член 10

1. Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници за помошно – стручните јавни службеници од категоријата Г се:

Ниво на стручни квалификации V A или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО, или најмалку вишо или средно образование;

Работно искуство за нивоата и тоа:

- за нивото Г1 најмалку три години работно искуство во струката,
- за нивото Г2 најмалку две години работно искуство во струката,
- за нивото Г3 најмалку една година работно искуство во струката или
- за нивото Г4 со или без работно искуство во струката

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

2. Потреби општи работни компетенции на основно ниво:
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни; и
- финансиско управување.

III. РАСПОРЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ДАВАТЕЛИТЕ НА ЈАВНИТЕ УСЛУГИ

Член 11

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно **221 работни места со 262 извршители** на давателите на услугите во областа на социјалната заштита, распоредени по организациски единици, согласно Правилникот за внатрешна организација на Установата број 01- 1289/6 од 19.06.2019 година

Член 12

Работните места од членот 11 на овој правилник се распоредени на следниот начин: 1.Категорија А-стручни (дипломиран социјален работник, психолог, андрагог, педагог, правник, економист, лекар, дефектолог, логопед, специјален педагог за превенција и ресоцијализација и социолог, здравствен работник, воспитувач и други).

- ниво А1 – раководител на служба во јавна установа за социјална заштита – 11 извршители
- ниво А2 – координатор на оддел во јавна установа за социјална заштита – 25 извршители
- ниво А3 – супервизија во центрите за социјална заштита (социјален работник, психолог, педагог) - 7 извршители
- ниво А4 – самостоен стручен службеник во јавна установа за социјална заштита (правник, економист, дипломиран социјален работник, психолог, педагог, лекар, дефектолог, андрагог, логопед, лекар, специјален педагог за превенција и ресоцијализација, здравствен работник, воспитувач и социолог) и водител на случај во центар за социјална работа (дипломиран социјален работник, психолог, педагог, правник во центрите за социјални работи), – 120 извршители
- ниво А5 стручен службеник во јавна установа за социјална заштита (правник, економист, дипломиран социјален работник, психолог, педагог, лекар, дефектолог, андрагог, логопед, лекар, специјален педагог за превенција и ресоцијализација, здравствен работник, воспитувач и социолог) и тријажер во центар за социјална работа (дипломиран социјален работник), – 63 извршители

2.Категорија Б помошно-стручни (воспитувач, главна медицинска сестра, физиотерапевт, работен терапевт, статистичар, правник, економист, здравствен работник, систем оператори за внес, домаќинка, лаборант, негователи, болничар, физиотерепевт, медицинска сестра, геронто-домаќин, болничар, социјален згрижувач за деца, инструктор и други),
-ниво Б2 - помошно-стручен од второ ниво – 31 извршители
-ниво Б3 - помошно-стручен од трето ниво – 5 извршители

Член 13

Општи услови утврдени со Законот за социјалната заштита за давателите на јавни услуги се:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и

со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Член 14

Стручните работници со високо образование можат да вршат стручна работа во установата, доколку имаат лиценца за работа, согласно со Законот за социјалната заштита.

Член 15

1. Посебни услови утврдени со Законот за социјалната заштита за давателите на услугите во областа од социјалната заштита од категоријата А - стручни се:
Стручни квалификации и работно искуство и тоа:

-за ниво А1 стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку пет години работно искуство,

-за ниво А2 стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку три години работно искуство,

-за ниво А3 стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку три години работно искуство,

-за ниво А4 стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и најмалку две години работно искуство,

-за ниво А5 стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, без или со работно искуство од најмалку една година.

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работните места за соодветното работно место.

2. Потребни општи работни компетенции на средно ниво се:

-учење и развој,
-комуникација,
-остварување резултати,
-работење со други/тимска работа,
-ориентираност кон странките/засегнати страни и
-финансиско управување.

Член 16

Посебни услови утврдени со Законот за социјалната заштита за давателите на услугите во областа од социјалната заштита од категоријата Б- помошно стручни се:
Стручни квалификации и работно искуство и тоа:

-за ниво Б1 стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или најмалку ниво на квалификации VI Б,

-за ниво Б2 најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование V А 60 до 120 кредити според ЕКТС или вишо образование и

-за ниво Б3 најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование.

IV. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ЛИЦА

Член 17

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 5 работни места со 31 извршители на помошно-техничките лица, распоредени по организациски единици, согласно Правилникот за внатрешна организација на Установата бр.01- 1289/6 од 19.06.2019 година.

Член 18

Работните места од членот 17 на овој правилник се распоредени на следниот начин:

Подгрупа 1 категорија А: хаус-мајстор, водоинсталатерски и електричарски работи, градинар и други, категорија Б ложач на парен котел, домаќин –економ, автомеханичар и други, помошно-технички лица за одржување на објектите и на опремата

Подгрупа 1 категорија Б: домаќин-економ - 1 извршител

Обезбедување на објекти и опрема

Подгрупа 2 категорија А чувар и други помошно технички лица за обезбедување на објектите и на опремата - 10 извршители

Превоз на лица и опрема

Подгрупа 3 категорија А возач и други помошно – технички лица за превоз на лица и на опрема - 8 извршители

Други помошно-технички лица

Подгрупа 5 категорија А хигиеничар и други помошно-техничко лице и други вкупно – хигиеничар и курир - 12 извршители

Член 19

Посебни услови утврдени со Законот за социјалната заштита за помошно-техничките лица од секоја категориија во подгрупите 1, 2, 3 , 4 и 5 во областа од социјалната заштита од прво ниво се:

-А01 помошно-технички лица од прво ниво, со најмалку ниво на квалификација IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование,

-без работно искуство

Член 20

Посебни услови утврдени со Законот за социјалната заштита за помошно-техничките лица од секоја категориија во подгрупите 1, 2, 3 , 4 и 5 во областа од социјалната заштита од второ ниво

-А02 помошно-технички лица од второ ниво, со најмалку ниво на квалификација III, 180 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или тригодишно средно образование,

-без работно искуство

Член 21

Посебни услови утврдени со Законот за социјалната заштита за помошно-техничките лица од секоја категориија во подгрупите 1, 2, 3 , 4 и 5 во областа од социјалната заштита од трето ниво,

-А03 помошно-технички лица од трето ниво, со најмалку ниво на квалификација I или основно образование,

-без работно искуство.

V. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ЈУМЦСР - Скопје

ЈАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ- административни

1. Служба за административни и помошно - технички работи

Реден број на работно место	01
Шифра на работно место	СО30102Б02001
Ниво на работно место	Б2
Назив на работно место	**Раководител на Служба за административни и помошно - технички работи**
Звање на работно место	Раководител на служба
Број на извршители	1
Вид на образование	Социјална работа и социјална политика Економски науки Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Раководи со службата во насока на ефикасно, ефективно и економично работење и ги реализира поставените цели и надлежности на истата.
Работни задачи	Раководи со службата; -ја насочува, обединува и координира работата во службата и одделите; -се грижи за правилна примена на прописите; -подготвува годишни и месечни планови за работа на службата и годишни и месечни извештаи за работа на службата, го следи реализирањето на планот и врши анализи; -ги распоредува работите и задачите на вработените; -пренесува инструкции, ги спроведува дадените насоки и дава упатства за извршување на работите и задачите; -врши непосредна контрола и надзор врз извршување на работата и задачите на вработените во службата, го следи обемот и квалитетот на извршената работа на вработените со кои раководи, ги оценува вработените на кои им е непосредно претпоставен и предлага награди и казни за вработените; -остварува редовни контакти со другите вработени и организациони единици во Установата, како и со други инситуции и установи во доменот на својата работа;

	-анализира и предлага мерки за подобрување на ефикасноста и ефективноста во делокругот на својата работа; -одговорен е за квалитетно и навремено извршување на работите во службата, согласно законските прописи и одредби.
Одговара пред	Директорот

1.1. Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси

Реден број на работно место	02
Шифра на работно место	СО30102Б04002
Ниво на работно место	Б4
Назив на работно место	**Раководител на Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси**
Звање на работно место	Раководител на оддел
Број на извршители	1
Вид на образование	Социјална работа и социјална политика Правни науки Економски науки
Други посебни услови	
Работни цели	Раководи со одделот во насока на ефикасно, ефективно и економично работење и ги реализира поставените цели и надлежности на истиот.
Работни задачи	- Раководи со одделот; - Ја насочува, обединува и координира работата во одделот; - Се грижи за правилна примена на прописите; - Ги распоредува работите и задачите на вработените во одделот, пренесува инструкции, ги спроведува даденитe насоки и дава упатства за извршување на работите и задачите; - Врши непосредна контрола и надзор врз извршување на работата и задачите на вработените во одделот, го следи обемот и квалитетот на извршената работа на вработените со кои раководи, ги оценува вработените на кои им е непосредно претпоставен и предлага награди и казни за вработените; - Остварува редовни контакти со другите вработени и оддели во

	Службата, како и со други инситуции и установи во доменот на својата работа; - Анализира и предлага мерки за подобрување на ефикасноста и ефективноста во делокругот на својата работа; - Одговорен е за квалитетно и навремено извршување на работите во одделот, согласно законските прописи и одредби.
Одговара пред	**Раководител на Служба за административни работи и помошно - технички работи**

Реден број на работно место	03
Шифра на работно место	CO30102B01001
Ниво на работно место	B1
Назив на работно место	**Правник**
Звање на работно место	Советник
Број на извршители	1
Вид на образование	Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Функционирање на установата согласно законските прописи
Работни задачи	-Самостојно врши најсложени нормативно-правни, кадровски и други административни работи, ги следи и применува прописите од областа во којашто работи, вклучувајќи ги и меѓународните договори на кои РМ им пристапила или ги ратификувала; -Учествува во подготовка на документи и материјали кои се од областа која ја покрива, дава предлози за планот за работа во сопствениот делокруг или за делокругот на организациската единица во која работи, и подготвува извештај за напредокот во реализација на неговата работа -Организира и подготвува седници на стручен колегиум, управен одбор и друго, изготвува одлуки, барања, решенија, заклучоци што ги донесуваат директорот, колегиумот, управниот одбор, работните тела и комисии, и се грижи за нивно навремено спроведување во делот на работите што се во негова надлежност; -Учествува во процесот на јавни набавки; -Ја спроведува целата постапка согласно работните односи (распишува огласи за прием, известувања, приговори, решенија и

	сл.) и врши други кадровски работи; -Се грижи за целокупната документација од имотно-правен карактер на ниво на установа, изготвува договори на ниво на установа со други правни лица; -Извршува стручни работи, ги штити интересите на Установата пред суд и други надлежни органи, со овластување од директорот; -Остварува редовни контакти со другите вработени и организациони единици во Установата, како и со други инситуции и установи во доменот на својата работа и врши редовна преписка и кореспонденција; -Одговорен е за квалитетно и навремено извршување на работните задачи за кои е задолжен;
Одговара пред	Раководител на Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси
Реден број на работно место	04
Шифра на работно место	CO30102B01002
Ниво на работно место	B1
Назив на работно место	**Одговорен сметководител**
Звање на работно место	Советник
Број на извршители	1
Вид на образование	Економски науки
Други посебни услови	Уверение Овластен Сметководител
Работни цели	Спроведување на стручно-административни работи за комплетирање и контрола на сметководствените документи, контирање и книжење на истите по хрнолошки редослед, со цел спроведување на годишна завршна сметка и целосно усогласување на работењето со законските прописи за финансиско-сметководствено работење
Работни задачи	-врши сметководствени и други административни работи, и ги следи и применува прописите од областа во која што работи, вклучувајќи ги и меѓународните договори на кои РСМ им пристапила или ги ратификувала; -ги планира буџетските средства и фискални импликации на програмските и проектните активности и изготвува финансиски план и финансиски извештаи; -подготвува анализа и толкување на финансиските извештаи за

	органите на управување и раководење со Установата; -дава стручна помош и совети во делокругот на својата работа; -учествува во процесот на јавни набавки; -се грижи за уредно и согласно законските одредби водење, бележење и чување на документацијата поврзана со целокупното финансиско работење на Установата; -остварува редовни контакти со другите вработени и организациони единици во Установата, како и со други инситуции и установи во доменот на својата работа; -одговорен е за квалитетно и навремено извршување на работните задачи за кои е задолжен.
Одговара пред	Раководител на Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси
Реден број на работно место	05
Шифра на работно место	CO30102B02001
Ниво на работно место	B2
Назив на работно место	**Правник**
Звање на работно место	Виш соработник
Број на извршители	1
Вид на образование	Правни науки
Други посебни услови	
Работни цели	Функционирање на установата согласно законските прописи
Работни задачи	-самостојно врши најсложени нормативно-правни, кадровски и други административни работи, ги следи и применува прописите од областа во којашто работи, вклучувајќи ги и меѓународните договори на кои РМ им пристапила или ги ратификувала; -учествува во подготовка на документи и материјали кои се од областа која ја покрива, дава предлози за планот за работа во сопствениот делокруг или за делокругот на организацискатa единица во која работи, и подготвува извештај за напредокот во реализација на неговата работа -организира и подготвува седници на стручен колегиум, управен одбор и друго, изготвува одлуки, барања, решенија, заклучоци што ги донесуваат директорот, колегиумот, управниот одбор, работните тела и комисии, и се грижи за нивно навремено спроведување во делот на работите што се во негова надлежнос т;

	-се грижи за целокупната документација од имотно-правен карактер на ниво на установа, изготвува договори на ниво на установа со други правни лица; -извршува стручни работи, ги штити интересите на Установата пред суд и други надлежни органи, со овластување од директорот; -остварува редовни контакти со другите вработени и организациони единици во Установата, како и со други инситуции и установи во доменот на својата работа и врши редовна преписка и кореспонденција; -одговорен е за квалитетно и навремено извршување на работните задачи за кои е задолжен;
Одговара пред	Раководител на Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси
Реден број на работно место	06
Шифра на работно место	CO30102B02003
Ниво на работно место	B2
Назив на работно место	**Финансиски контролор**
Звање на работно место	Виш соработник
Број на извршители	2
Вид на образование	Економски науки
Други посебни услови	
Работни цели	Проверка на законитоста и правилноста на предложените финансиски одлуки, како и нивно одобрување или оспорување, земајќи ги во предвид принципите на економичност, ефикасност и ефективност
Работни задачи	-спроведува финансиска контрола на финансиско-материјално работење на Установата; -спроведува финансиска контрола на сметководствено работење, од аспект на веродостојноста на сметководствените исправи; -врши контрола и дава насоки и препораки за унапредување на системот на финансиски менаџмент, буџетирање и сметководствено работење во установите; -врши контрола на склучени договори од Јавни набавки и по други основи; -подготвува извештаи, анализи и информации од финансиска природа;

	-подготвува стручни појаснувања и мислења за примена на законите и други прописи од делокругот на своето работење; -изготвува тези за изработка на материјали во делот на буџетското сметководствено и финансиско-материјално работење; -врши контрола на благајничкото работење (денарска и девизна благајна) неговата согласност со законските прописи, на исплата на плати и други исплати по решенија;
Одговара пред	Раководител на Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси
Реден број на работно место	**07**
Шифра на работно место	CO30102B02004
Ниво на работно место	B2
Назив на работно место	**Социолог**
Звање на работно место	Виш соработник
Број на извршители	1
Вид на образование	Социологија
Други посебни услови	
Работни цели	Следење и анализа на социјалните појави и ризици на подрачјето на кое работи Установата, и проценка на соодветноста на применетите мерки за социјална помош и заштита во однос на потребите на лицата во ризик
Работни задачи	-ефикасно, ефективно и квалитетно ги извршува работните задачи, што придонесуваат за остварување на програмата за работа на установата; -самостојно подготвува студии и анализи, открива, следи и проучува социјални појави и проблеми; -под надзор на раководниот орган на установата (директорот) и во координација и соработка со останатие раководители на организациони единици во установата го изготвува годишниот план и извештај за работа; -води статистика и доставува редовни статистички и други податоци; -дава стручна помош и совети во делокругот на својата работа; -самостојно врши други најсложени работи од административна природа;

	-остварува редовни контакти со другите вработени и организациони единици во Установата, како и со други инситуции и установи во доменот на својата работа
Одговара пред	Раководител на Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси
Реден број на работно место	08
Шифра на работно место	CO30102B02007
Ниво на работно место	B2
Назив на работно место	**Виш соработник за човечки ресурси**
Звање на работно место	Виш соработник
Број на извршители	3
Вид на образование	Правни науки Одбрана Социјална работа и социјална политика
Други посебни услови	
Работни цели	Спроведува надлежности во функција на дефинирање и спроведување на планот за управување со човечки ресурси
Работни задачи	-спроведува постапка за распишување на огласи за вработување, спроведува постапка за превземање на лица и друг вид на постапка со која се заснова работен однос во установата; -води евиденција на вработени со оформување на персонални досиеа и нивно чување и се грижи за навремено пријавување на промени во Агенција за вработување; - составува писмени акти со цел на спроведување на дисциплинска постапка или друг вид на постапка во која се утврдува одговорност на вработени лица, води евиденција и доставува податоци до други надлежни институции во врска со административни службеници и други ангажирани лица; -активно учествува во изработка на внатрешни акти како што се акти за систематизација и внатрешна организација, статут и друг вид на акт;. -Изработува план за заштита на институцијата во услови на кризна состојба и прави проценка на потребни ресурси за извршување на надлежностие во кризни услови; -ги извршува наредбите на надлежен орган за превземање активности за заштита на имотот и документацијата за време на

	кризна состојба или за време на прогласена кризна состојба. - води посебен деловодник за криза на посебно пропишан образец; -Изработува план за обуки за вработените, годишен план за вработување, извештаи за изречени мерки.
Одговара пред	Раководител на Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси
Реден број на работно место	**09**
Шифра на работно место	CO30102B03007
Ниво на работно место	B3
Назив на работно место	**Соработник за човечки ресурси**
Звање на работно место	Соработник
Број на извршители	1
Вид на образование	Новинарство, Правни науки, Социологија
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно спроведување на прописите и постапките за стручно усовршување на вработените во Центарот Ефикасно спроведување на прописите и постапките за управување со системот за управување со ефектот на административните службеници и даватели на јавни услуги
Работни задачи	-учествува во постапката за изработка на Годишниот план за вработување и Извештај за негова реализација; -учествува во постапката за унапредување и мобилност на вработените во Центарот и изработува акти во врска со унапредувањето и мобилноста; -учествува во изработка на Годишниот план за обуки и извештај за негова реализација, го координира процесот и води евиденција за стручното усовршување на вработените во центарот; - врши организациска подготовка на потребните предуслови за спроведување на оценувањето на вработените; - учествува во комисија за вработување на административни службеници, изработува предлог одлука за избор и се грижи за уредна достава на избраниот кандидат; - учествува во изработка на Извештајот со Ранг листа на годишни оценки за вработените во центарот;

	- учествува во работа на комисии и други работни тела формирани со решение на директорот; - ги следи и применува прописите од областа на човечки ресурси; -остварува редовни контакти со другите вработени и организациони единици, како и со други инситуции и установи во доменот на својата работа
Одговара пред	Раководител на Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси
Реден број на работно место	**10**
Шифра на работно место	CO30102B04002
Ниво на работно место	B4
Назив на работно место	**Одговорен сметководител**
Звање на работно место	Помлад соработник
Број на извршители	**1**
Вид на образование	Економски науки
Други посебни услови	
Работни цели	Ефикасно спроведување на прописите и постапките за стручно усовршување на вработените во Центарот Ефикасно спроведување на прописите и постапките за управување со системот за управување со ефектот на административните службеници и даватели на јавни услуги
Работни задачи	-прибира и средува сметководствени документи и врши нивно книжење; ја комплетира потребната документациј; -книжи и контролира сметководствените документи по хронолошки редослед на деловните промени во налозите за книжење и нивно сложување со извод; -усогласува приходи и расходи; -составува извештаи и други информации и обезбедување на податоци за реализација на средствата во установата; -учествува во подготовување на годишна завршна сметка и подготвува потребни формулари; -следи и спроведува законски прописи од сметковотствената евиденција; -средува сметководствена евиденција и нејзино архивирање; -известува за сите проблеми при книжењето;

	-учествува во организација на пописот и евиденција и ажурирање на пописните документи во сметководствaената документација
Одговара пред	Раководител на Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси
Реден број на работно место	**11**
Шифра на работно место	CO30102B04004
Ниво на работно место	B4
Назив на работно место	**Социолог**
Звање на работно место	Помлад соработник
Број на извршители	1
Вид на образование	Социологија
Други посебни услови	
Работни цели	Следење и анализа на социјалните појави и ризици на подрачјето на кое работи Установата, и проценка на соодветноста на применетите мерки за социјална помош и заштита во однос на потребите на лицата во ризик
Работни задачи	-ефикасно, ефективно и квалитетно ги извршува работните задачи, што придонесуваат за остварување на програмата за работа на установата; -учествува во подготовка на студии и анализи, открива, следи и проучува социјални појави и проблеми; -под надзор на раководниот орган на установата (директорот) и во координација и соработка со останатие раководители на организациони единици во установата го изготвува годишниот план и извештај за работа; -води статистика и доставува редовни статистички и други податоци; -дава стручна помош и совети во делокругот на својата работа; -самостојно врши други најсложени работи од административна природа; -остварува редовни контакти со другите вработени и организациони единици во Установата, како и со други инситуции и установи во доменот на својата работа.
Одговара пред	Раководител на Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси

Реден број на работно место	12
Шифра на работно место	CO30102B04005
Ниво на работно место	B4
Назив на работно место	**Информатичар**
Звање на работно место	Помлад соработник
Број на извршители	1
Вид на образование	Информатички технологии Информатика Компјутерска техника и информатика
Други посебни услови	
Работни цели	Се грижи за примена на постојните информатичко-технолошки системи, ги следи перформансите на системот и предлага можности за унапредување
Работни задачи	-се грижи за примена на постојните информатичко технолошки системи; -дава упатства за работа и потребна стручна помош во работата на вработените, од областа на примена на постојните информатичко-технолошките системи, ја планира и спроведува информатичката едукација на вработените и организира активности за подобро користење на можностите на информатичко-технолошките системи; -ги следи потребите и планира проширување на постоечката опрема; -а следи и надгледува работата на ИТ системот и предлага нови можности за подобрување; -ги разгледува барањата од корисниците за воведување промени на подсистемите и ги проследува до повиските нивоа; -ги следи новите трендови во областа на ИТ и предлага финансиски планови за обезбедување средства за набавка на нови софтверски и хардверски решенија; -се грижи за одржување на хардверот; -отварува редовни контакти со другите вработени и организациони единици, како и со други инситуции и установи во доменот на својата работа;
Одговара пред	Раководител на Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси

Реден број на работно место	13
Шифра на работно место	CO30102B04006
Ниво на работно место	B4
Назив на работно место	**Помлад соработник за јавни набавки**
Звање на работно место	Помлад соработник
Број на извршители	2
Вид на образование	Економски науки Правни науки Образование
Други посебни услови	
Работни цели	Спроведува надлежности во функција на дефинирање на планот за јавни набавки на Установата и транспарентно спроведување на постапките за јавни набавки
Работни задачи	-Учествува во изработка и спроведување на планот за јавни набавки; -Учествува во изработката на акти (одлуки,решенија) од областа на јавните набавки; -врши административна работи и подршка во комисијата за спроведување јавни набавки; -учествува во изработка на барања за согласности за постапки за јавни набавки до МТСП и ги објавува согласно законот; -ги следи законските прописи од областа на набавките и е одговорен за правилна примена на истите; -учествува во подготовка на договори за јавни набавки; -води евиденција на јавните набавки и испраќа извештаи до бирото за јавни набавки; -остварува редовни контакти со установите од регионот и со организационите единици во сопствената установа, како и со други инситутции и установи, во доменот на својата работа и врши редовно преписка и кореспонденција; -одговорен е за квалитетно и навремено извршување на работните задачи за кои е задолжен.
Одговара пред	Раководител на Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси
Реден број на	14

работно место	
Шифра на работно место	CO30102B04007
Ниво на работно место	B4
Назив на работно место	**Помлад соработник за човечки ресурси**
Звање на работно место	Помлад соработник
Број на извршители	1
Вид на образование	Правни науки Социологија Социјална работа и социјална политика
Други посебни услови	
Работни цели	Спроведува надлежности во функција на дефинирање и спроведување на планот за управување со човечки ресурси
Работни задачи	-учествува во спроведување на постапка за распишување на огласи за вработување, спроведува постапка за превземање на лица и друг вид на постапка со која се заснива работен однос во установата. -води евиденција на вработени, составува писмени акти со цел на спроведување на дисциплинска постапка или друг вид на постапка во која се утврдува одговорност на вработени лица, води евиденција и доставува податоци до други надлежни институции во врска со административни службеници и други ангажирани лица, се грижи за навремено пријавување на промени во Агенција за вработување. -учествува во изработка на внатрешни акти како што се акти за систематизација и внатрешна организација, статут и друг вид на акти. -соработува со државна комисија за класифицирани информации за обезбедување на безбедносен сертификат на вработените во институцијтата и врши други работи од надлежност на заштита и спасување во кризни состојби; -Учествува во комисии и работни тела формирани со Решение од Директорот.
Одговара пред	Раководител на Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси
Реден број на работно место	15
Шифра на работно место	CO30102B04008

Ниво на работно место	В4
Назив на работно место	**Помлад соработник за соработка со граѓани, институции, органи на државна управа**
Звање на работно место	Помлад соработник
Број на извршители	1
Вид на образование	Организациони науки и управување (менаџмент)
Други посебни услови	
Работни цели	Соработка со граѓаните и со институциите на јавниот сектор
Работни задачи	-изработува дописи, извештаи и одговори на барања до Народниот правобранител; -прибира податоци, известувања и мислења за фактите и околностите од значење за остварување на правата на подносителот на претставката или предлогот; -соработува со институциите во јавниот сектор при изработка на одговорите по претставки и предлози, изработува нацрт-извештај за претставки и предлози; -постапува по барања согласно законот за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер; -изработува годишен извештај за спроведување на постапката за слободен пристап до информациите од јавен карактер во институцијата; ги следи и применува прописите од областа на заштита на лични податоци; -остварува редовни контакти со другите вработени и организациони единици, како и со други инситуции и установи во доменот на својата работа;
Одговара пред	Раководител на Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси
Реден број на работно место	**16**
Шифра на работно место	CO30102B04009
Ниво на работно место	В4
Назив на работно место	**Помлад соработник за следење и организирање на работата во објектите во кои се дели храна за социјално загрозени граѓани**
Звање на	Помлад соработник

работно место	
Број на извршители	1
Вид на образование	Ветеринарна медицина
Други посебни услови	
Работни цели	Обезбедување на објекти и услови за испорака на храната согласно позитивните законски прописи Ефикасно координирање на процесот за испорака на храна за корисниците на дневни оброци Соработка со институциите за контрола на храна со цел обезбедување на квалитетна храна за корисниците на дневни оброци
Работни задачи	-ги регистрира објектите во кои се дели храна и следи дали санитарно-здравствените услови во објектите во кои се дели храна се на нивото утврдено во законските и подзаконските акти; -води евиденција на испорачани дневни оброци и го координира процесот на достава; -води евиденција на издадени санитарни книшки за лицата кои делат храна во објектите на установата; -следи редовно да се врши дизинфекција, дизинсекција и дератизација во објектите во кои се дели храна; -ги следи договорите со избраните оператори кои доставуваат храна; -учествува во работа на комисии формирани од страна на директорот; -ги следи и применува прописите од областа во која работи; -соработка со институции вклучени во процесот на официјална контрола на храна;
Одговара пред	Раководител на Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси
Реден број на работно место	17
Шифра на работно место	СОЗ0102Г01004
Ниво на работно место	Г1
Назив на работно место	**Статистичар**
Звање на работно место	Самостоен референт

Број на извршители	1
Вид на образование	Применета информатика и статистика
Други посебни услови	
Работни цели	Се грижи за статистичката обработка на податоци и водење на евиденција, за проблемите и појавите од областа на социјална и детска заштита
Работни задачи	-статистичка обработка на податоци, изготвување на извештаи, и информации; -аналитичка обработка на податоци за одредени социјални појави и проблеми; -остварува редовни контакти со другите вработени и организациони единици, како и со други инситуции и установи во доменот на својата работа; -доставува извештаи и податоци до Министерство за труд и социјална политика, Државен завод за статистика, ЈУ Завод за социјални дејности; -изработка на формулари, прашалници и анкетни листови; -учествува во изготвување ан апликации за статистичка обработка на податоци и воведување на нови видови на евиденција
Одговара пред	Раководител на Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси
Реден број на работно место	18
Шифра на работно место	СО30102Г01005
Ниво на работно место	Г1
Назив на работно место	**Сметководител**
Звање на работно место	Самостоен референт
Број на извршители	2
Вид на образование	Економски насока Биротехничка насока Трговска насока
Работни цели	Спроведување на оперативни работи за комплетирање и контрола на сметководствените документи, контирање и книжење на истите по хрнолошки редослед со цел спроведување на годишна завршна

	сметка
Работни задачи	-прибира и средува сметководствени документи и врши нивно книжење и контрола, ја комплетира потребната документација; -книжи и контролира сметководствени документи по хронолошки редослед на деловните промени во налозите за книжење и нивно сложување со извод; -усогласува приходи и расходи на Установата; -усогласува синтетичката со аналитичката сметководствена евиденција; -составува извештаи и други информации и обезбедува податоци за реализацијата на средствата на Установата; -подготовува годишна завршна сметка и подготвува потребни формулари; -следи и спроведува законски прописи од сметковотствената евиденција; -пресметувањето и исплатата на платите; водењето евиденција на платите на вработените; -средува сметководствена евиденција по сите основи
Одговара пред	Раководител на Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси
Реден број на работно место	19
Шифра на работно место	СО30102Г01006
Ниво на работно место	Г1
Назив на работно место	Благајник
Звање на работно место	Самостоен референт
Број на извршители	2
Вид на образование	Трговски насока Гимназија Економски насока
Работни цели	Спроведување на помошно-стручни административни работи поврзани со областа на благајничко работење: контрола на документација за готовински трансакции, уплати и исплати и нивна евиденција, подготовка на патни налози
Работни задачи	-секојдневно води благајнички работи и трезор, благајничко работење и сите уплати и исплати редовно ги евидентира во книгата на благајната и редовно го предава благајничкот извештај со неговите прилози до одговорното лице за книжење; -извршува сметковна, суштинска и формална контрола на сите

	книговодствени документи за готовински трансакции и ја утврдува нивната исправност согласно одредбите на Законот за сметководство и др. акти кои го регулираат финансиско-материјалното работење; -подига пари во денари за намирување на трошоци во готово и подготвува налози и решенија за патни и дневни трошоци за службени патувања и месечни прегледи за службени патувања; -предлага висината на благајничкиот максимум за секој вид на благајната одделно и води сметка за одржување на состојбата на средствата во благајната во рамките на утврдениот благајнички максимум; -подига готови пари трошоци за ситни набавки на материјали и слично, врши нивна исплата и ги евидентира во книгата на благајната, врши сложување на благајната на крајот на годината и нивно затварање; -изготвува периодични прегледи, планови и извештаи за готовинските трансакции по одделни видови групи и за точноста на сумарните прегледи.
Одговара пред	Раководител на Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси

Реден број на работно место	20
Шифра на работно место	СО30102Г01007
Ниво на работно место	Г1
Назив на работно место	**Ликвидатор**
Звање на работно место	Самостоен референт
Број на извршители	9
Вид на образование	Гимназија Ветеринарен насока Економска насока Хемиска насока Текстилена насока Земјоделска насока Стенодактилографска насока
Работни цели	Спроведување на помошно-стручни административни работи во функција на сметководствена, материјална, суштинска, формална и законска контрола на сметководствената документацијата за исплата од сметките и за готовински трансакции, како и контрола

	на нејзина комплетност
Работни задачи	-извршува сметковна, материјална, суштинска и формална контрола на сите сметководствени документи за исплата и исплата од сметките на Установата; -контролира и спроведува решенија за правата од областа на социјална и детска заштита; -проверува исправност на сметководствената документација согласно законот за сметководство и други општи акти за што потврдува со свој потпис; -се грижи за комплетирање на книговодствените исправи и ја контролира нивната комплетност; -комуникација со вработените во установата и со релевантни страни надвор од установата, за ефикасно и квалитетно извршување на работите во негова надлежност; -извршува контрола и на сите влезни фактури и тендери;
Одговара пред	Раководител на Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси
Реден број на работно место	21
Шифра на работно место	СО30102Г01008
Ниво на работно место	Г1
Назив на работно место	**Технички секретар**
Звање на работно место	Самостоен референт
Број на извршители	1
Вид на образование	Дактилографска насока Економска насока Правена насока
Работни цели	Спроведува помошно-стручни и техничко-логистички работи во насока на поддршка на директорот за ефикасно и ефективно управување со Установата
Работни задачи	-извршува работи врз основа на конкретни упатства, насоки и контрола од директорот, што се однесуваат на вршење на административно-техничките работи; -прима и пренесува пораки, евидентира и благовремено потсетува на обврските на директорот; -закажува термини за прием на странки кај директорот; -закажува состаноци што ги свикува и организира директорот; -ја прима и подредува поштата што ја прима директорот;

	-ги средува материјалите што ги доставуваат организационите облици на потпис и увид кај директорот; -ги средува и комплетира материјалите за седниците на колегиум, управен одбор, надзорен одбор и од други тела на кои присуствува директорот; -води евиденција за службените списи и податоци и закажува службени разговори, состаноци и друго; -одговара и повикува на телефонски повици;
Одговара пред	Раководител на Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси
Реден број на работно место	22
Шифра на работно место	СО30102Г01009
Ниво на работно место	Г1
Назив на работно место	**Административен техничар**
Звање на работно место	Самостоен референт
Број на извршители	1
Вид на образование	Гимназија Електро-техничка насока Економска насока
Работни цели	Спроведување на помошно-стручни административни, логистички и технички работи во функција на поддршка на Установата
Работни задачи	-извршува работи врз основа на конкретни упатства, насоки и контрола од Раководителот на одделот што се однесуваат на вршење на административно-техничките работи; -води потсетник за закажување состаноци; -прима телефонски повици и закажува состаноци; -испраќа и прима факсови; -спроведување на административно логистички и технички работи во функција на поддршка на установата; -прима странки и ги насочува каде има потреба; -ги упатува граѓаните до соодветниот стручен вработен; -учествува во работни тела и комисии формирани од директорот
Одговара пред	Раководител на Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси
Реден број на	23

работно место	
Шифра на работно место	СО30102Г01010
Ниво на работно место	Г1
Назив на работно место	**Архивар**
Звање на работно место	Самостоен референт
Број на извршители	17
Вид на образование	Гимназија Економска насока Текстилена насока Хемиска насока Трговска насока Машинска насока Електро-техничка насока Металоструга рска насока Кожарска насока Ликовена насока
Работни цели	Спроведување на помошно-стручни административни, логистички и технички работи за управување со документирана граѓа
Работни задачи	-прима, распоредува и заведува пошта во деловоден протокол; -пишува пошта во интерни доставни книги по организациони единици; -ракува со печат и штембил на Установата; -врши архивирање на готови предмети, разведува и класифицира предмети во деловоден протокол; -чување и надзор на документите во работните простории; -пишува предлог-листа на документиран материјал за уништување; -врши попис и опис на архивскиот материјал и доставува листи за опис и попис до надлежни органи; -чува архивски материјал согласно листата за рокови на нивно чување;
Одговара пред	Раководител на Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси
Реден број на работно место	24
Шифра на работно место	СО30102Г04006
Ниво на работно	Г4

место	
Назив на работно место	**Административен техничар**
Звање на работно место	Помлад референт
Број на извршители	2
Вид на образование	Економска насока Гимназија
Други посебни услови	
Работни цели	Следење и анализа на социјалните појави и ризици на подрачјето на кое работи Установата, и проценка на соодветноста на применетите мерки за социјална помош и заштита во однос на потребите на лицата во ризик на подрачје на општина Чаир и на подрачје на општина Шуто Оризари
